Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 687/2023
Дата 25 -04- 2023

Врз основа на член 97 став 1 и 2 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За исправка на техничка грешка**

Во Решение за Услови за планирање на простсторот со број УП1-15 2380/2022 од 31.01.2023, на Министерство за транспорт и врски, се врши техничка исправка во истото, односно КП 945/5 се заменува со КП 945/6. Оваа исправка има правно дејство од денот од кога има правно дејство Решението за Услови за планирање на просторот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министертсвото за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање донесе Решение за Услови за планирање на просторот арх. бр. УП1-15 2380/2022 од 31.01.2023 година со кое на Министертсво за транспорт и врски се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на КП 945/3 и КП 945/5, КО Драгожани, Општина Битола. Истото е доставено преку електронскиот систем е-урбанизам во постапка број 46597.

За истиот опфат од предходно цитираното Решение за Услови за планирање на просторот, а во постапка за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со соновна класа на намена Е1.13- фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW, Министерството за транспорт и врски утврди дека наведената катастерска парцела КП 945/5 во Предлог проектната програма доставена преку електронскиот систем е-урбанизам во постапка број 46597 за издавање на Услови за планирање на просторот е грешно наведена, односно место КП 945/5 треба да стои КП 945/6.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Министерство за транспорт и врски со допис бр. 67-1011/13 од 13.04.2023 год. до Министертсво за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање достави Барање за исправка на техничка грешка под бр. УП1-15 687/2023 од 18.04.2023 год.

Во контекст на понапред наведеното, а согласно член 97 став 1 и 2 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање по службена должност донесе Решение за исправка на техничка грешка во Решение бр. УП1-15 2380/2022 од 31.01.2023.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Помошник раководител на
Сектор за просторно планирање
Дајана Марковска Ристеска

2. Марк


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk